РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1235/3
20.03.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 14.03.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни преку видео конференциска врска /.**

Г-дин Петрушевски ја отвори 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 19:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.03.2024 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.03.2024 година.
3. Предлог за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ПРО-ФМ Гостивар, со Предлог – Одлука.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.03.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.03.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ПРО-ФМ Гостивар. Објасни дека наведениот радиодифузер во законски утврдениот рок не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување. На 8-та седница одржана на 01.03.2024г., Советот покрена постапка за одземање на дозволата со што радиодифузерот доби дополнителни 15 дена за да ја подмири законската обврска, но, ни во дополнителниот рок не ги уплати средствата. Информира дека пред почетокот на оваа седница уште еднаш направена е проверка на сметката на Агенцијата со што е констатирано дека Радио ПРО-ФМ од Гостивар нема извршено уплата. Од таа причина се предлага да се одземе дозволата.

Г-дин Петрушевски рече дека за жал продолжува тенденцијата помалите радиодифузери од финансиски причини секоја година по неколку од нив да се откажат од медиумот.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одзема дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-95 од 07.09.2023г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, поради неплатен годишен надоместок за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок - 30 дена од денот на приемот на фактура бр.2024-100-0051 од 11.01.2024 г. (наш арх.бр.0503-225/1 од 11.01.2024 г.).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Г-дин Петрушевски по гласањето изрази жалење за згаснувањето на медиумот и рече дека се надева на позитивен пресврт, радиодифузерот преку Уставен суд да си ја врати дозволата.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**